Амалија ЈОВАНОВИЌ

# НЕКОИ СОЦИОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНАТА ВО НЕКОИ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

На теориски и идеен план третманот на проблемот на општествената положба и улога на жената е затемелен на поставките на научниот социјализам, кој женското прашање не го дели од класното прашање па според тоа класната борба како борба за ослободувањето на работничката класа ја третира и како борба за ослободувањето на жената. Исфрлувајќи ја жената надвор од куќата поради потребите на капиталот од евтина работна сила капитализмот ја руши традиционалната поврзаност на жената со куќата и нејзиниот статус како домаќинка и мајка, а со тоа ги создава основите на револуционерната преобразба на положбата на жената бидејќи без економската слобода нема слобода воопшто. Според тоа, рамноправноста на жената во општествениот живот е можна дури кога таа ќе ја постигне економската независност, но таа не е и автоматска последица на економската независност.

Самоуправниот социјализам нуди реални претпоставки за надминување на разликите во општествената положба на човекот според половата како и според каква и да било инаква припадност на човекот.

Познато е дека правно-политичката еднаквост на жените во нашето општество е вградена во сите наши нормативни акти, а проблемите во врска со постигнувањето на рамноправната положба и борбата за прогрес не само да се постигне рамноправноста меѓу половите, туку да се укине секаква дискриминација на луѓето, за изградба на што похумано општество се и треба да се цел и постојана грижа на сите субјективни сили во нашето општество.

Но, за тоа каква е фактичката положба на жените во општеството може да се зборува само врз основа на анализата на конкретната општествена практика, која ќе даде одговор за тоа, дали е таа усогласена со декларираните идеолошки и правно-политички определби. Посебно тоа се однесува на три значајни подрачја од општествениот живот кои се од суштествено значење за опш-

тествениот статус на поединецот и за постигнување и подобрување на истиот: вработувањето, образованието и учеството во самоуправувањето, [образованието и учеството во самоуправувањето] односно во делегатскиот систем.

Каква е положбата на жените во поглед на трите индикатори за општествениот статус ќе илустрираме накусо преку податоците за Републиката и за три организации на здружен труд во СР Македонија — Отекс, Агроплод и Алумина.

Бројната застапеност на жените во сферата на здружениот труд, во образованието, во самоуправните процеси, во делегатскиот систем и во сите сфери на општествениот живот е еден од значајните индикатори и лесно мерливи и споредливи за остварениот степен на афирмацијата на жените. Иако самото бројно учество не е доволен показател, сепак, токму тоа претставува неопходен услов на кој се надоврзуваат разни видови активности и се отвораат можности за фактичко влијание на жените, а самото влијание секако зависи и од други фактори.

## 1. Активност и вработеност на жените во СРМ

Податоците според економската активност на населението во СРМ од пописните години ни укажуваат дека учеството на активното женско население постојано се зголемува.[1] Во 1981 година во вкупното население активното учествува со 42%, а во истата година активно женско население во вкупното женско население учествува со 31%. Учеството на издржуваното население од вкупното во СРМ во 1981 година изнесува 50%, во кое издржуваното женско население учествува со 61%. Од активното женско население занимањето го вршат 86% жени, додека од машкото активно население занимањето го вршат 90%.[2]

Контигентот на работоспособното машко население во СРМ (машки лица од 15—64 години) изнесува 572.029 лица или 30% од вкупното население во СРМ, а контингентот на женското работоспособно население (жени стари од 15—59 години) изнесува 554.975 лица или 29,1%.[3]

---

[1] Споредбата не може да се врши сосема коректно за податоците од сите пописи поради разликите во критериумите за класификација на активноста при поединечните пописи.

[2] Основни податоци за населението по општини — конечни податоци, Статистички преглед 126, РЗС Скопје, 1982, стр. 42.

[3] Исто, стр. 52.

Преку статистичките податцои за вработувањето може да се констатира дека во СРМ од вкупниот број на вработени во 1981 година, 31,2% се жени.[4] На ова место треба да се обрне внимание на тоа дека заклучоците за подрачјето на СР Македонија, кое е релативно хетерогено во поглед на социо-економските, демографските и културно-психолошките белези посебно на женската популација и евидентираните состојби на ниво на Републиката се со високи коефициенти на варијација. Овој факт треба да се земе предвид при воопштествувањето на резултатите за движењата во вработувањето во Републиката како целина. Се работи за отсуство на голем дел жени од процесот на трудот поради делување на низа традиционални, конзервативни и патријахални сфаќања за местото и улогата на жената во семејството и општеството.

Во последните години вработувањето на жените во СРМ бележи значајни промени. Согласно со движењата во стопанската сфера беше и динамиката на вработувањето на жените, која бележи постојана нагорна тенденција. Имено, бројот на вработените жени во период од 1971—1981 година е во голем пораст. Индексот во 1981 год. изнесува 195,3 со база 1971 година а во 1982 година изнесува 208,0. Вработувањето на жените има општа тенденција на пораст во стоапнските дејности и блага тенденција на намалување на вработувањето во нестопанските дејности, што укажува на сè поголемо пробивање на жените во сите подрачја на здружениот труд. За сега не би можеле да тврдиме дека се работи за надминување на разликите меѓу таканаречените традиционални женски и машки дејности туку се работи за освојувањето на нови работни места, кои во стопанските дејности ги има повеќе, а исто така има повеќе невработени жени. Општо земено бројот на вработените во стопанството е во полза на мажите (жените учествуваат со 26,4%), додека во нестопанството состојбата е речиси изедначена (жените учествуваат со 49,1%. Посебно е нагласено учеството на вработените жени во образованието, науката и културата, и во здравството и социјалната заштита каде учеството на жените во 1979 година изнесуваше 67%.

Врз основа на годишните просеци на вработените во СРМ е тешко да се даде подетална анализа за феминизацијата односно маскулинизацијата на определени занимања, бидејќи не се располага со расподелба на вработените жени по гранки на дејности, односно структура на занимања според полот.

---

[4] Статистички годишник на СР Македонија, РЗС, Скопје, 1982, стр. 394.

Со оглед на стручната подготовка, меѓу вработените жени во СРМ доминираат тие со средна стручна подготовка (30,3% — податоците се однесуваат на 31. 12. 1978 год.) но во целина, стручната подготовка и квалификационата структура на вработените жени е понеповолна од таа на мажите.

## 2. Образованието на жените во СРМ

Споредувајќи го учеството на жените во образованието денес во СРМ, со поранешните периоди, констатираме масовност на сите нивоа на образованието, посебно во високото образование. Причините за таквата состојба не лежат само во демократизацијата на школскиот систем и големата желба за образование туку се должи и на низа други општествени и лични фактори, пред се на неможноста за вработување, што резултира со продолжување на школувањето.

Нееднаквоста на населението во образовната структура со оглед на полот е присутна веќе кај основната поделба на писмено и неписмено население. Од вкупниот процент на неписмените во 1981 год. 11%, на жени отпаѓа 73,3%. Тенденцијата на опаѓањето е присутна, но загрижува фактот што при сегашнава демократизација на образовниот систем и покрај задолжителното основно образование и во најново време имаме неписмени и меѓу младите, при што нивниот број во секоја возрасна група е двојна или повеќе пати поголем кај жените.

Од податоците за школската подтогтовка на населението старо 15 и повеќе години, жените доминираат во пониските образовни групи, додека учеството на мажите се зголемува со зголемувањето на степенот на школската подготовка.

Распределбата на учениците по различни видови училишта укажува на традиционалниот избор на училишта кај ученичките. Традиционалната насоченост на занимањата е уште повоочлива од податоците за дипломирани студенти во 1982 година. Во целина, половата структура на дипломираните студенти е мошне поволна, но нивната распределба според видот на завршените факултети е чисто традиционална, посебно што се однесува до факултети кои образуваат за занимање чие вршење е почесто врзано со процесот на непосредното производство.

## 3. Учество на жените во СРМ во делегатскиот систем

Доколку накусо се осврнеме на општото учество на жените во делегатскиот систем, како би ја дополниле сликата за положбата на жените во нашата република, можеме да констати-

аме очигледен расчекор меѓу еднаквите права на мажите и жените декларирани во нашите нормативни акти и фактичката состојба, која е во расчекор и со учеството на жените и нивниот придонес и на подрачјето на здружениот труд. После изборите во 1982 година, жените делегати во Републичкото собрание се застапени со 11% и имено: во Соборот на здружениот труд со 12,5% во Соборот на општините со 4,3% во Општествено-политичкиот собор со 16,7%. Како делегати во собранијата на општините, жените учествуваат вкупно со 15,3% и имено: во Соборот на здружениот труд со 16,9%, во Соборот на месните заедници со 6,9% и во Општествено-политичкиот собор со 21,5%.[5]

### 4. Ставови и мислења на жените во врска со образованието, вработувањето и самоуправувањето во некои работни организации на здружен труд[6]

Во трите испитувани организации карактеристично е учеството на работничките во производните дејности. Мнозинството од нив се со средно и ниже образование односно со пониска квалификација (со ВСС — 10,2%, ВШШ — 4,9%, ССС — 39,4%, завршено осумгодишно училиште 16,7%; квалификувани работнички 11,0%, полуквалификувани 9,8%). Со оглед на брачната состојба се работи, пред сè за мажени жени (78,0%,), а повеќето од нив се со две деца (53,7%).

Повеќе од половината жени се задоволни со своето стекнато образование и сметаат дека нивниот степен на образование е соодветен на работните задачи и обврски определени со [работните задачи и обврски определени со] работното место. Сепак, иако помали по број, жените кои не се задоволни со стекнатото образование (42,3%), само во 8,1% успеале дополнително да го стекнат, делумно на нивна лична иницијатива, а делумно поради барањето на организацијата. И покрај нивниот општ став дека во практиката постојат еднакви услови за образование на вработените жени и мажи, кај вработените од трите организации на здружен труд постои сознание за посебните тешкотии во врска со школувањето на вработените жени. Меѓу главните пречки жените ги наведуваат, пред сè, семејните обврски (59,3%) и недоволната општествена грижа за семејството воопшто.

---

[5] Избори за делегации и делегати за соборите на собранијата во СРМ, 1982, Статистички преглед 132, РЗС, Скопје, 1983.

[6] Истражувањето е изведено во Алумина, Отекс и Агроплод од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје во 1983 година, чиј учесник е и авторот.

Во поглед на вработувањето жените од трите организации на работа чекале повеќе од три години, но нивниот пол според нив немал влијание врз нивното бавно вработување туку, пред сè, немањето потреба од кадар од нивна квалификација. Главната причина за вработување е подобрувањето на материјалната положба на семејството (54,9%), иако не треба да се намали и значењето на желбата за стекнување на економската независност (39,4%).

Со оглед на видот на работните места жените најмногу се застапени на ниските работни места за кое следи и помал надомест што особено се однесува на Отекс и Агроплод, во кои учеството на вработените жени е над 90% во првата, и над 50% во втората работна организација, а при највисоките лични доходи тие не се застапени или занемарливи.

## 5. Заклучок

Се чини дека до противречноста меѓу формалната и вистинската рамноправност доаѓа, пред сè, при вклучувањето на жените во работниот процес иако тој е сè уште далеку од полната вработеност. Противречноста се јавува меѓу улогата на жените во општественото производство и нејзината улога во семејството и домаќинството. Трудот се повеќе се социјализира, а мајчинството останува лична работа на самите жени. Таквиот заклучок произлегува и од обработените податоци за трите организации на здружен труд, каде што како основна пречка за подобрувањето од положбата на жените во работниот процес и процесот на одлучувањето, најчесто се јавува семејството или обврските што произлегуваат од семејството. Поопштествувањето на функциите на семејството и работата во домаќинството со посебен акцент на понатамошното поопштествување на биолошката репродукција се од неопходното значење за понатамошното вклучување на жените во процесот на трудот и самоуправувањето како негов неодвоив дел. Истотака треба да се истакне и борбата против конзервативната и малограѓанската свест за улогата на жените во семејството и општеството и да се поведе повеќе сметка за надминување на таквата свест. Акцијата би требало да се насочи кон создавањето на услови за воспитување и образование во рамките на кои повеќе ќе се работи за развивање и проширување на марксистичкото сфаќање на улогата и положбата на жената во семејството и општеството, наспроти на традиицоналното и религиозното, и во кое поголемо внимание ќе му се посвети на хуманизацијата на односите меѓу половите.